**ЗАПИСНИК**
**од 11–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.04.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2021 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2021 година.
3. Предлог-одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица.
4. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица.
5. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село со Предлог - Конкурсна документација и Предлог - Пријава.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.04.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Трајчевски во врска со точките 3 и 4 од Дневниот ред предложи раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар да даде едно заедничко објаснување бидејќи тие содржински се поврзани меѓу себе, додека дискусијата и гласањето за секоја точка да биде посебно.

Г-дин Петрушевски се согласи бидејќи како што рече тие очигледно се поврзани и станува збор за еден кандидат.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи Точка бр.3 - Предлог-одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица. Објасни дека Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година донесе Одлука во врска со Писменото барање од заинтересирана страна, со дополнување, поднесено од страна на физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица. Согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции, а потоа и со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица се покажа дека има можност да се распише јавен конкурс за доделување дозвола. Согласно ова Советот донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица. Одлуката беше објавена во два дневни весници „Нова Македонија“ и „Коха“, и во „Службен весник на РСМ“. Заклучно до 22.03.2021 година кога беше крајниот рок за доставување на пријави, до АААВМУ беше доставена една Пријава од Горан Кукиќ од Струмица и беше извршено јавно отворање кое се одржа во рок од една недела по истекот на рокот за поднесување на пријави. По отворањето беше констатирано дека пријавата е уредна, навремена и комплетна. Потоа следеше оценување на пријавата врз основа на критериумите кои што се утврдени во Законот при што најголемиот број на бодови од вкупниот број треба да бидат за програмските услови. На 12.04.2021 година се пристапи кон оценување на пријавата од страна на Секторот за програмски работи, Секторот за стратешко планирање и авторски права, Секторот за финансии и логистика и Секторот за информатичка поддршка и општи работи. Трите сектори можеа да извршат бодување, но Секторот за програмски работи не можеше да изврши бодување од

причините кои се наведени во диспозитивот на Предлог-одлуката која е доставена во прилог на материјалот по точката. Причините по кои не можеше да се изврши бодување беа следните: доставените документи од програмски аспект (Образец за програмски концепт, Неделна програмска шема и Опис на планираните програмски содржини/емисии, наведени во програмската шема), поради нивната неконзистентност и меѓусебна неусогласеност не го потврдуваат исполнувањето на програмските услови за кои се доделува дозволата, потоа поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт не може да се изврши бодување на два од критериумите за оценување на пријавите и тоа на застапеност на сопствена програма и на информации од локален карактер, а поради тоа што во Описот на планираните програмски содржини/емисии воопшто не се обезбедени информации за програмите со кои ќе се поттикнува развој и зачувување на националната култура, не може да се изврши бодување и за критериумот застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура. Понатаму податоците за времетраењето на програмите прикажани во структурата на планираната неделна програма од Образецот за програмски концепт се разликуваат од податоците за времетраењето на видовите програми прикажани во Неделната програмска шема. Различни податоци се евидентирани кај програмите од сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна) и на крајот поради грешките во пополнувањето на Образецот за програмски концепт, тој не може да се користи како основа за идни оценки на спроведувањето на програмскиот концепт во согласност со член 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Посочи дека поради сето ова понатаму не може да се врши мониторинг. Имајќи го ова предвид, до Советот се доставува Предлог-одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица. Во врска со Точка 4 - Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица објасни дека имајќи го предвид сето она што беше наведено во Точката 3, со оглед дека во член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот и имајќи предвид дека ќе се донесе претходната Одлука од Точка 3, до Советот се предлага да донесе Одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 22.03.2021 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Г-дин Петрушевски по образложението предложи доколку има дискусија таа да се одвива заеднички за двете точки а потоа гласањето по точките да биде поединечно.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одбивање на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, поднесена од физичкото лице Горан Кукиќ од Струмица УП1 бр.08-158 од 22.03.2021 година, поради тоа што не

ги исполнува програмските услови утврдени во Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 91.0 MHz., објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво УП1 бр.08-425 од 18.12.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.304/20), поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 22.03.2021 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) не беше примена ниту една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село со Предлог - Конкурсна документација и Предлог – Пријава. Објасни дека на 14.12.2020 година на официјалната е-маил адреса на АААВМУ беше доставено Писмо за намери од заинтересирана страна физичкото лице Горан Тасев од с.Турново, за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Ново Село и на подрачјето на општина Босилово. Со оглед дека станува збор за две општини, се оствари комуникација со подносителот и му беше објаснет начинот на кој што може да се пријави. Во таа насока од страна на подносителот беше појаснето дека несвесно е направен превид во назначувањето на две општини и дека писменото барање за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво се однесува само на општина Ново Село. Потоа вообичаено согласно ЗААВМУ, АВМУ се обрати до АЕК и беше добиен одговор дека има слободна фреквенција за да се реализира ова барање. За таа цел беше изработена Студија согласно член 70 став 4 од ЗААВМУ со која се утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката. Студијата е објавена на веб страницата на АААВМУ на 07.04.2021 година. Со оглед дека се исполнети условите согласно ЗААВМУ, до Советот се предлага да донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на

локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село, која како предлог е доставена во материјалите за седница.

Г-дин Петрушевски објасни дека се работи за предлог-документација која во себе содржи три елементи, Одлука да се објави конкурсот, и истовремено Советот ќе гласа за конкурсната документација и за Пријавата за учество на јавниот конкурс како таа ќе изгледа. Наведе дека дискусијата и прашањата може да бидат за сите три документи кои се доставени во прилог на материјалите по точката. Објасни дека еден без друг документите на може да се гласаат односно не може да се гласа за Одлуката за објавување јавен конкурс а да не се гласа за Пријавата и Конкурсната документација

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис музичко - говорно радио од општ формат на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија (АЕК), и тоа: 107.4 MHz, со Пријава за учество на јавниот конкурс и Конкурсна документација.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на АААВМУ, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-1683/5
28.04.**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**